# TRENDS FOR INTRODUCING GREEN POLICIES IN SMALL AND MEDIUM ENTERPRISES

**Marija Magdinceva-Shopova**
Goce Delcev University – Stip, North Macedonia, marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Aneta Stojanovska-Stefanova**
Goce Delcev University – Stip, North Macedonia, aneta.stojanovska@ugd.edu.mk
**Neda Petroska-Angelovska**
University St.Cyril and Methodius-Skopje, North Macedonia, neda@ek-inst.ukim.edu.mk

**Abstract:** The health, economic, and energy crisis caused major changes in the work of enterprises. In that direction, the impact of climate change imposed the need to introduce changes in the work of enterprises and work policies in enterprises to develop a concept that will focus on the efficient use of natural resources and the creation of conditions for sustainable development.

Global current working conditions are generally characterized by many challenges of a social, economic, and environmental nature that affect living conditions and the lives of today and future generations.

Therefore, to control the influence of global phenomena in the work of small and medium-sized enterprises, it is necessary to change the policies that are traditionally applied in the work. Solving the modern challenges faced by enterprises in the course of work consists in finding answers to questions related to business sustainability and the introduction of so-called "green innovations". To achieve business sustainability, enterprises need to implement a dynamic organizational structure that will enable enterprises to adapt and survive in a changing environment. The dynamic, i.e. adjustable, organizational structure contributes to enterprises achieving sustainability in their work, especially enterprises that belong to the group of small and medium enterprises.

To implement the so-called "green policies" in the work of enterprises, it is necessary to redefine the mission and vision of the enterprise as well as the work strategy.

Green policies are the basic tools for applying the concept of green economy. Therefore, the research object of this paper is aimed at analyzing the characteristics of the so-called "green concept of work of enterprises", etc. "green policies" to support and implement green businesses among SMEs.

The implementation of green policies and the application of the concept of green economy contribute to the achievement of sustainable development through the creation of green jobs and the use of natural resources.

The basic hypothesis of the research consists of understanding the possibilities for the application of the so-called "green policies." In the conclusion of the paper, will be given recommendations, and measures to improve the current situation.

**Keywords:** green economy, green policies, social responsibility, sustainability, principles

# ТРЕНДОВИ ВО ВОВЕДУВАЊЕ ЗЕЛЕНИ ПОЛИТИКИ КАЈ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Марија Магдинчева-Шопова**
Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Анета Стојановска-Стефанова**
Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, aneta.stojanovska@ugd.edu.mk
**Неда Петроска-Ангеловска**
Универзитет "Свети Кирил и Методиј"-Скопје, neda@ek-inst.ukim.edu.mk

**Резиме**: Здравствената, економската и енергетската криза предизвикаа големи промени во работата на претпријатијата. Во таа насока и влијанието на климатските промени ја наметна потребата од воведување на промени во работата на претпријатијата и политиките на работа кај претпријатијата со цел развој на концепт кој ќе се фокусира кон ефикасно користење на природните ресурси и креирање на услови за одржлив развој. Актуелните глобални услови за работа генерално се карактеризираат со голем број предизвици од социјален, економски и еколошки карактер кои влијаат на условите за живот и животот на денешните но и идни генерации. Поради тоа а со цел контролирање на влијанието на глобалните појави во работата на малите и средни претпријатија потребно е да се променат и политиките кои традиционално ги применуваат во работата. Решавањето на современите предизвици со кои се соочуваат претпријатијата во

текот на работата се состои во пронаоѓање одговор на прашањата поврзани со одржливост на бизнисот и воведувањето на т.н.”зелени иновации”. За да се постигне одржливост на бизнисот, претпријатијата треба да имплементираат динамична организациска структура која ќе им овозможи на претпријатијата да се прилагодат и опстанат во променливото окружување. Динамичната односно прилагодлива организациска структура придонесува претпријатијата да се постигнат одржливост во работата,посебно претпријатијата кои припаѓаат во групата на мали и средни претпријатија.
За да се имплементираат т.н. “зелени политики” во работата на претпријатијата, во основа потребно е да се редефинираат мисијата и визијата на претпријатието како и стратегијата на работа.
Зелените политики се основни алатки за примена на концептот на зелена економија. Поради тоа предмет на истражување на овој труд е насочен кон анализа на карактеристиките на т.н. “зелен концепт на работа на претпијатијата”, и т.н. “зелени политики” за поддршка и имплементирање на зелените бизниси кај МСП. Имплементирањето на зелените политики и примена на концептот на зелена економија придонесува за постигнување на одржлив развој преку креирање на зелени работни места и искористување на природните ресурси. Основната хипотеза на истражување се состои во согледување на можностите за примена на т.н.”зелени политики.” Во заклучкот на трудот ќе бидат дадени препораки и мерки за унапредување на актуелната состојба.
**Клучни зборови**: зелена економија, зелени политики, општествена одговорност, одржливост, принципи

## 1. ВОВЕД

Денешното општествено окружување се карактеризира со голем број неодговорени социјални, политички, економски и еколошки прашања кои влијаат на работата на претпријатијата како и животот на денешните но и идни генерации. Поради тоа претпријатијата се насочени кон пронаоѓање одговор на прашањата поврзани со одржливи бизниси и воведување на нов пристап на работа. (Magdinceva-Shopova M. And Stojanovska-Stefanova A.,2023). Планирањето и одржливоста на активностите на претпријатијата треба да биде во согласност со глобалните цели на одржлив развој. (United Nation, 2022). Целите за одржлив развој бр. 8, 12 и 14 за инклузивен и одржлив економски раст, одржлива потрошувачка и производство и одржливо користење на океаните и морските ресурси (Stojanovska-Stefanova et al, 2019). Целите за одржлив развој претставуваат глобален повик до секој да се заштити животната средина и климата и да се обезбеди сите луѓе да уживаат во мир и просперитет. Тие препознаваат дека искоренувањето на сиромаштијата мора да оди рака под рака со стратегиите кои градат економски раст и опфаќаат низа социјални потреби, вклучително и образование, здравство, социјална заштита и можности за работа, истовремено решавајќи ги климатските промени и заштитата на животната средина.(https://www.stat.gov.mk/Publikacii)
Во стручната литература застапени се различни дефиниции кои го објаснуваат концептот на зелена економија, зелени бизниси и зелено претприемништво. Иако е застапен различен пристап во дефинирањето на зелените бизниси, сепак во основа дефинирањето укажува на потребата да се дефинира и имплементира нови односи меѓу луѓето, општетсвото и природата со цел постигнување одржлив развој. Зеленото претприемништво претставува процес на создавање производи и услуги кои се целосно потребни за создавање одржлив развој.( Cohen B., Winn M.,2007). Зелените бизниси претставуваат нов пристап во современата економија. Концептот на зелени бизниси е насочен кон реализација на претприемнички идеи кои се одржливи и истовремено не влијаат негативно на окружувањето и животната средина. Зелените бизиси се насочени кон решавање на еколошките предизвици преку имплементирање на соодветни политики. Зелените претприемачки политики имаат фундаментален придонес за одржлив развој. (Wei, X.; Ren, H.; Ullah, S.; Bozkurt, C., 2022) Преку имплементирање на т.н. “зелени политики” во работата се воведува концептот на зелена економија што подразбира еколошки одговорно работење и висок степен на општествената одговорност во работата. Еколошки одговорно претпријатие е она претпријатие кое преку активностите кои ги извршува придонесува за оджливост на животната средина и окружувањето, при што одговорноста за заштита на животната средина е една од основните цели на работа на претпријатието.
Покрај воведот, и приказот на материјалите и методите кои се применети за да се спроведе истражувањето, во трудот објаснета е анализа на добиените резултати. Целта на истражувањето е да се објасни влијанието и значењето на т.н зелени политики во постигнување на одржлив долгорочен развој на мали и средни претпријатија.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Методолошкиот пристап кој е применет со цел да се постигнат целите на истражувањето се состои од сет на класични методи преку кои се овозможува добивање на потребните информации и сознанија. Во основа, со

примена на методита на анализа и синтеза, спроведено е сеопфатно истражување на стручната литература од областа на зелената економија и зелени бизниси.
Со примена на методот на истражуавње и компарација,спроведено е истражувањето за дефинирањето на зелените бизниси, зелени политики и можностите за практикување на истите во работата на мали и средни претпријатија. Добиените резулати од спроведеното истражување се објснети со примена на методите на анализа, индукциај и дедукција.
Врз основа на добиените сознанија, со примена на методите на дескрипција и компаративната метода, споредени се добиените сознанија и резултати од спроведеното истражување.

**3. АНАЛИЗА И РЕЗУЛТАТИ**

Зголемениот интерес за изучување на сложените прашања поврзани со одржливите бизниси се појавува како резултат на несоодветното користење на природните ресурси, уништувањето на животната средина и неконтролирано трошење на енергетските ресурси. Најновата енергетска криза ја покажа чувствителноста на светскиот енергетски систем који се базира на потрошувачка на необновливи извори на енергија, нефлексибилност на потрошувачката и потребата замената да се реализира со обновливи извори на енергија. (Cvetanovic&Andrejevic&Panic, 2022). Ова придонесе претпријатијата покрај финансиските потешкотии да се соочуваат со проблеми за одржливост на бизнисот бидејќи непланираниот и неконтролиран раст придонесе за уништување на животната средина. Преку концептот на зелена економија се овозможува решавање на проблемите поврзани со нарушувањето на животната средина. Констатирано е дека зелената екномија е од значење за постигнување на одржлив развој и може да понуди опции за креирање на политики, но не треба да биде строг (ригиден) пакет на правила. (UNCSD, 2011)
Зелените бизниси претставуваат современ организациски модел на дејствување во современото опкружување, застапен во сите дејности. При планирањето на економската и еколошката развојна стратегија се јавува потребата како почетна точка да се стави заштитата и обновувањето на природните ресурси и формирањето на цена на природните ресурси кои ќе ги одржуваат трошоците за нивна замена и ќе доведат до ограничување на нивната потрошувачка.( Петровска-Ангеловска Н.,Хаџи-Наумова Михајловска К.2021).
Тоа бара воведување на промени во работењето заради подобрување на ефикасноста во работењето, квалитетот и брзината на извршување на сите деловни активности со извршување на одржливи зелени бизниси. Тоа ја наметнува потребата од креирање на политики и програми чија што примена ќе придонесе за заштита и обновувањето на природните ресурси.
Во контекст на потребата за одржливост, актуелните политики може да се опишат според моделот кој се заснова на развој на еколошки сектор што е специфичен од сите сектори на дејност, за интеграција и примена на технологиите кои се одржливи.( Ospanova, A.; Popovychenko, I.; Chuprina, 2022) За надминување на состојбата, освен промените во мисијата и стратегијата на работа на претпријатијата од голема важност се политиките и мерките од страна на државата како неопходни за надминување на состојбата. Државата има воспоставено механизам со мерки за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори којшто со одредени измени се применува од 2007 година. (www.analiza-na-DP-za-OIE-vo-RSM-CEA-2021). Преку имплементирање на политиките и мерките од страна на државата се создаваат услови за поттикнување на инвестициите кај малите и средни претпријатија за оптимално искористување на потенцијалот на обновливите извори на енергија и обезбедување на услови за заштита на животната средина и грижа за влијанието на климатските промени. Политиките и мерките од страна на државата се во согласност со Националната стратегија за одржлив развој (НСОР) на Република Македонија за период 2009-2030. Концептот на одржлив развој се фокусира на социјалните акции на доверба, етика, нееднаквост и мрежи за социјална поддршка во заедниците. (Kostić V. at all. 2022).Одржливиот развој вклучува три взаемно зависни и испреплетени димензии:Економска димензија (економски ресурси, развој и раст), димензија на животната средина (природни ресурси, заштита и одржливо користење на природата и превенција и борба против загадувањето) и социјална димензија (социјални ресурси, солидарност и борба против сиромаштијата).(Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf)
Со цел да се помогне процесот на практикување на обновливите извори на енергија од страна на МСП и потрошувачите во ЕУ, како и обезбедување на поддршка на земјите членки на ЕУ во постигнување на климатските цели, донесено е Упатство за државна помош за заштита на животната средина и енергија за периодот 2014 – 2020 година (Guidelines on State aid for environmental protection and energy 2014-2020 (2014/C 200/01).

**4. ДИСКУСИЈА**

Зелената економија претставува современ модел на економски раст кој има за цел да постигне одржлив долгорочен развој. Основен предуслов за постигнување на одржлив развој е воведување на промени во насока на објаснување, разбирање и прифаќање на концептот на одржлив развој како и принципите на одржливиот развој. Освен предусловите, детектирани се и основни препреки за постигнување на одржлив развој. Главните препреки за постигнување одржлив развој во Македонија може да се сумираат во следното: недоволно разбирање, свест и посветеност на концептот и принципите на одржлив развој, нецелосно развиена рамка за поддршка на политиката за одржлив развој, нецелосно развиена правна и регулаторна рамка за поддршка на одржливиот развој, слаб капацитет за меѓусекторски и интегриран пристап потребен за постигнување одржлив развој, слаб капацитет за стратешко работење засновано на одржлив развој - планирање, администрирње и спроведување, недостаток од домашни и странски фондови за поддршка на проекти и активности за одржлив развој, како и недоволна поддршка на банкарскиот сектор на проекти за одржлив развој.(https://www.moepp.gov.mk/wp)

**5. ЗАКЛУЧОК**

Зелената економија е тема за која што многу се зборува, особено од учесниците во економската и еколошките области. (Guo, J.; Zhou, Y.; Ali, S.; Shahzad, U.; Cui, L,2021) Во стручната литература не постои една единствена дефиниција или објаснување за тоа што се подразбира под поимот “зелена економија” односно т.н.”зелените бизниси” или т.н. “еколошки бизнис” и сл. Основата на сите овие поими се поврзува со одговорноста и заштитата на животната средина како еден од најголемите предивици на современото живеење. Во контекст на еколошката цивилизација, моделите на економски развој трпат големи трансформации,со оглед на потребата од еколошка акција во сите сектори на општественото живеење.( Zhang, Z.,2022).

Одговорноста и заштитата на животната средина се поврзува со концептот на одржливост на бизнисите. Постигнување на енергетски одржливи бизниси се овозможува преку бизнис активности кои придонесуваат за заштита на животната средина и заштеда на енергетските ресурси. Од голема важност е воведување на политики и програми за користење на природните ресурси на долг рок и промоција и поддршка на иновативни одржливи бизниси. Најголемиот дел од енергетската транзиција ќе се одвива на локално ниво, што бара вклучување на сите локални актери: локални власти, мали и средни претпријатија и граѓани.(www.analiza-na-regulativata-2023.pdf)

Рамката на дејствување е определена од донесените акти на државно ниво. Со Националанта стратегија за одржлив развој на Македонија (2009-2030), прифатено е дека развојот и креирањето политики во Република Македонија врз принципите на одржлив развој е еден од предусловите за забрзан развој. Исто така се констатира потребата од развивање на интегриран пристап во креирањето на политиката на одржлив развој како и недостатокот на интегриран пристап во креирање политика на одржлив развој како резултат на несоодветно буџетско планирање и мал капацитет за креирање политика и недоволни инвестиции за изградба на капацитетите.

Имплементирањето на зелените политики и примена на концептот на зелена економија од страна на МСП придонесува за постигнување на одржлив развој преку креирање на зелени работни места и искористување на природните ресурси. Основната цел која треба да се постигне е усогласување на принципот за заштити животната средина и водење грижа за влијанието на климатските промени од една страна и остварување на помали трошоци од друга страна.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Cohen, B.; Winn, M. Market imperfections, opportunity, and sustainable entrepreneurship. J. Bussines Ventur. 2007, 20, 22–49.

Cvetanović, S., & Andrejević, Panić, A. (2021). Promene fokusa u percepciji ekonomskog razvoja. Sremska Kamenica: Univerzitet Edukons, pp.130.

Guo, J.; Zhou, Y.; Ali, S.; Shahzad, U.; Cui, L.(2021), Exploring the Role of Green Innovation and Investment in Energy for Environmental Quality: An Empirical Appraisal from Provincial Data of China. August 15, Vol.292, p.112779.

(Guidelines on State Aid for Environmental Protection and Energy 2014-2020 (2014/C 200/01), https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52014XC0628%2801%29, (accessed on 21.02. 2024).

Magdincheva-Shopova, Marija and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2023) *Policies for supporting green entrepreneurial businesses. Knowledge International Journal*, 60.1 (1). pp. 161-167. ISSN 2545-4439.

Национална стратегија за одржлив развој на Македонија 2009-2030,(2009), Министерство за животна средина и просторно планирање, стр.15-20.

Ospanova, A.; Popovychenko, I.; Chuprina, E.(2022), Green Economy–Vector of Sustainable Development. Problemy Ekorozwoju, Vol. 17, pp.171–181.

Kostić V., Milićević S., Despotović D. (2022), Sustainable development management seen through the prism of natural capital preservation imperative, BizInfo (Blace), Vol.13, broj 1, str. 41-48.

Петровска-Ангеловска Н.,Хаџи-Наумова Михајловска К.(2021), Можности за примена на концептот на зелена економија во МСП во Р.С.Македонија, Економски институт Скопје, стр.35-50.

Stojanovska-Stefanova, A., Dimitrov, V.N., Magdinceva-Shopova, M. (2019). The significant role of tourism in achieving the United Nations sustainable development goals. *International Journal Knowledge*, Vol. 34, No. 5, 1259-1264.

Zhang, Z. (2022), Evolution paths of green economy modes and their trend of hypercycle economy. Chin. J. Popul. Resour. Environ. Vol.20, pp. 1–11.

Wei, X.; Ren, H.; Ullah, S.; Bozkurt, C.(2022), Does environmental entrepreneurship play a role in sustainable green development? Evidence from emerging Asian economies. Econ. Res.-Ekon. Istraživanja, pp. 1–13.

United Nation. 2022. Available https://www.un.org/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/RES/70/1&Lang=E (accessed on 20.02. 2024).

UNCSD 2011, Green economy in the context of sustainable development and poverty eradication, UN, http://www.uncsd2012.org/*,05.2.2024.

https://www.stat.gov.mk/Publikacii. last accessed 25.02.2024.

https://www.analiza-na-DP-za-OIE-vo-RSM-CEA-2021 last accessed 04.03.2024).

https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf, last accessed 22.02.2024)